РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 15-204/1
30.01.14 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на на студиската програма од прв и втор циклус на петгодишни интегрирани студии по Архитектура и тригодишни студии во рамките на интегрираните студии од прв и втор циклус на студии по Архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус на петгодишни интегрирани студии по Архитектура и тригодишни студии во рамките на интегрираните студии од прв и втор циклус на студии по Архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, решение бр. 12-120/5 од 11.12.2013 година, за акредитација на студиската програма од прв и втор циклус на петгодишни интегрирани студии по Архитектура и решение бр. 12-120/4 од 11.12.2014 година за акредитација на тригодишни студии во рамките на интегрираните студии од прв и втор циклус на студии по Архитектура, Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 03-158/33 од 19.12.2013 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-14958/1 од 20.12.2013 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Министерот за образование и наука, со решение бр. 13-14958/2 од 24.12.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 29.01.2014 година, изврши увид и изготви извештај бр. 13-14958/3-13 од 29.01.2014 година, каде е наведено дека за програма од прв и втор циклус на петгодишни интегрирани студии по Архитектура и тригодишни студии во рамките на интегрираните студии од прв и втор циклус на студии по Архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Доставено до:
- Примач
- Архива

Изготвил: Нухи Ајдини
Прегледал: Борчо Алексов
Одобрил: д-р Агим Рушити

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 30 I 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.-Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 54/2 | | |

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК